# Службен гласник
## на Општина Струмица

| Број 7 | Понеделник, 04 јуни 2018 год. |
|---|---|

www.strumica.gov.mk

### С о д р ж и н а

**Градоначалник на општина Струмица:**


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| **134.** | **Одлука** за распишување на избори за членови на советите на урбаните и месните заедници во Општина Струмица .................... | 1 |
| **135.** | **Одлука** за свикување на собири на граѓани .......................................... | 3 |


---

**134.**

Врз основа на член 84 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 118 и 119 став 2 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15) донесе

# Одлука
## за распишување на избори за членови на советите на урбаните и месните заедници во Општина Струмица

Член 1

Изборите за членови на советите на урбаните заедници во град Струмица и месните заедници во населените места: Баница, Банско, Вељуса, Водоча, Габрово, Градско Балдовци, Дабиља, Добрејци, Дорломбос, Костурино, Куклиш, Муртино, Попчево, Просениково, Раборци, Рич, Сачево и Свидовица, ќе се одржат на собири на граѓани на 18.06.2018 (понеделник ) и 19.06.2018 година (вторник ).

Член 2

Советите на урбаните, односно месните заедници ќе бројат од 5 до 11 членови, во зависност од бројот на жителите на урбаната, односно месната заедница и тоа:

| Ред. бр. | Назив на урбаната / месната заедница | Број на членови |
|---|---|---|
| 1. | I - (Прва) урбана заедница „Партизан“ | 11 |
| 2. | II - (Втора) урбана заедница „Благој Мучето“ | 11 |
| 3. | III - (Трета) урбана заедница „Боро Поцков | 9 |
| 4. | IV- (Четврта) урбана заедница „Чифлик“ | 9 |
| 5. | V- (Петта) урбана заедница „Карпош“ | 9 |
| 6. | VI- (Шеста) урбана заедница „Гоце Делчев“ | 9 |
| 7. | VII- (Седма) урбана заедница „Центар“ | 9 |
| 8. | VIII- (Осма) урбана заедница „Димитар Влахов“ | 11 |
| 9. | Месна заедница Баница | 7 |
| 10. | Месна заедница Банско | 7 |
| 11. | Месна заедница Водоча | 5 |
| 12. | Месна заедница Вељуса | 9 |
| 13. | Месна заедница Габрово | 5 |
| 14. | Месна заедница Градско Балдовци | 5 |
| 15. | Месна заедница Дабиља | 7 |
| 16. | Месна заедница Добрејци | 7 |
| 17. | Месна заедница Дорломбос | 5 |
| 18. | Месна заедница Костурино | 7 |
| 19. | Месна заедница Куклиш | 9 |
| 20. | Месна заедница Муртино | 9 |
| 21. | Месна заедница Попчево | 5 |
| 22. | Месна заедница Просениково | 7 |
| 23. | Месна заедница Раборци | 5 |
| 24. | Месна заедница Рич | 5 |
| 25. | Месна заедница Сачево | 5 |
| 26. | Месна заедница Свидовица | 5 |

Член 3

Постапката за предлагање, утврдување и избор на членови на советите на урбаните, односно месните заедници, ќе се спроведе согласно Статутот на општина Струмица.

Член 4

Јавните повици за собири на граѓани, ќе бидат истакнати, најмалку 5 дена пред одржување на изборите, каде што ќе бидат наведени, датумот, местото и часот на одржување на изборите од член 1 на оваа Одлука.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник во општина Струмица“.

Бр. 09 - 4411/2
04.06.2018 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник,
Коста Јаневски с.р.

............................................

**135.**

Врз основа на член 84 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), член 119 и 120 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10 и 1/15 ) и член 23 став 2 и 4 од Правилата за работа на облиците на месната самоуправа во Општина Струмица („Службен гласник на општина Струмица“ бр. 16/07), Градоначалникот на општина Струмица донесе

**О д л у к а**
**за свикување на собири на граѓани**

**Член 1**

Се свикуваат собири на граѓани во урбаните и месните заедници на подрачјето на Општина Струмица, во деновите 18.06.2018 и 19.06.2018 година.

**Член 2**

На собирите на граѓани ќе се врши избор на членови на советите на урбаните, односно месните заедници.

**Член 3**

Јавните повици за собирите на граѓани на кои ќе се врши избор на членови за советите на урбаните и месните заедници, ќе бидат истакнати најмалку 5 (пет) дена, пред одржување на истите, со објавување на датумот, местото и часот на одржување на собирот на граѓани за определена урбана, односно месна заедница.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.09 - 4411/1
04.06.2018 год.
С т р у м и ц а

Општина Струмица
Градоначалник,
Коста Јаневски с.р.